Бр./Nr 12-1676/2
06-08-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 1 и 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-та седница одржано на ден 01.08.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1676/1 од 28.05.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Предметот со број 12-1676/1 од 28.05.2024 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, преку електронска пошта, на ден 28.05.2024 година, е поднесена е пријава против директорот на АД -------------- со сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес за Претседателски и Парламентарни избори 2024 година, по која е оформен предмет број 12-1676/1. Во пријавата се наведува дека од страна на директорот на АД ------------ за време на изборниот процес и изборната кампања на вработените им биле исплатени награди. Кон пријавата не се доставени прилози.

ДКСК, постапувајќи по пријавата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука и ја отфрли пријавата од причина што истата не содржи податоци кои се во доволна мера конкретни и јасни со цел да може по истата понатаму да се постапува, а дополнително поради тоа што пријавата е анонимна ДКСК нема можност да обезбеди било какви дополнителни информации во функција на понатамошно постапување.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК